**20230270446**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

1. Средствата за реализација на оваа програма се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, Раздел 12101, Програма 3, Подпрограма 30, Категорија 42, Ставка 425 Договорни услуги, во износ од 56.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за изработка на нов просторен план на Република Северна Македонија во износ од 56.000.000,00 денари.

3. За спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-617/6
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.